Прирачник за наставата по изборниот предмет

# ЕТИКА ВО РЕЛИГИИТЕ

*Снежана Мирасчиева*












БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Прирачник за наставата по изборниот предмет

# ЕТИКА ВО РЕЛИГИИТЕ

*Снежана Мирасчиева*












БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

**Издавач:**
Биро за развој на образованието

**За издавачот:**
Весна Хорватовиќ, *директор*

**Редакција:**
Иванка Мијиќ, *одговорен уредник*
Ајше Ајрулаи, *член*
Мирјанче Милошевска, *член*

**Рецензенти:**
Илија Лешковски
Митко Чешларов

**Лектура:**
Сузана Стојковска

**Дизајн и корица:**
Светлана Стојчева

**Печати:**
Киро Дандаро - Битола

**Тираж:**
400

**Скопје, 2010 година**

---

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека Св. „Климент Охридски“, Скопје

373.3.091.3Ч241(035)

МИРАСЧИЕВА, Снежана
Прирачник за настава по изборен предмет Етика во религиите /
Снежана Мирасчиева, - Скопје: Биро за развој на образованието, 2010. - 29 стр. ; 21см

ISBN 978-608-206-024-8

а) Религиска етика - Основно образование - Наставни методи - Прирачници

COBIS. MK-ID 84446730

***Почитувани наставници***

Воведувањето на новиот наставен предмет етика во религиите во основното училиште ја наметна потребата од изработка на прирачник за наставниците за овој наставен предмет. Целта на овој прирачник е да ви помогне во планирањето и подготовката на наставата по овој предмет, како и во изборот на соодветната дидактичко-методска апаратура при реализацијата на наставата по предметот етика во религиите. Цениме дека. прирачникот по својата структура и содржина ќе има значајна улога во препаративната, оперативна и верификативна етапа на наставата по предметот етика во религиите.

Содржините во прирачникот немаат ограничувачки и директивен карактер. Напротив, тие во се движат во насока на поттикнување на иницијативност, конструктивизам, креативност и флексибилност на наставникот. Тие имаат за цел да ја иницираат слободата, умешноста и творечката работа на наставникот во подготовката и реализацијата на наставата по предметот етика во религиите. Прирачникот, всушност, претставува можна рамка за реализација на наставата по предметот определена од потребите, можностите, способностите и интересите на учениците.

Во таа смисла во прирачникот е предложена и понудена структура на наставниот час. Понудената и предложената структура ги следи современите дидактичко-методски пристапи и тенденции во наставата од аспект на формите, методите, средствата и стратегиите на наставниот процес.

Ефикасната реализација на наставата по предметот етика во религиите бара солидна подготовка на наставникот за секој наставен час.

Првиот чекор во подготовката е дефинирање на целта на часот која треба да се постигне. Притоа секогаш треба да се има предвид дека целите на часот се однесуваат на промените што треба да настанат кај ученикот како последица и резултат на активностите и на ученикот и на наставникот во текот на часот. Со оглед на фактот дека целта на часот има воопштен карактер, за нејзино постигнување потребна е конкретизација изразена во задачите на часот. Реализирањето на задачите води кон постигнувањето на целтта. Затоа во определувањето на задачите потребно е да се исполнат одредени услови од аспект на тоа дека тие треба да произлегуваат од: целта која треба да се постигне; од дефинирањето на текот на часот; од изборот и определувањето на дидактичко-методската апаратура која ќе се користи на конкретниот час.

Артикулацијата на наставата од аспект на внатрешната организација претставува структурирање (компонирање, обликување и моделирање) на наставниот процес во одредена временска единица. Со артикулацијата се регулираат етапите на работата во наставата, односно се одредува начинот на започнување на наставната работа, начините на ефикасна реализација на наставниот процес, начините на завршување на наставната работа и начините на поврзување со натамошната работа. Артикулацијата на наставата претставува композиција на наставниот процес во одредена временска единица. Оттука прашањето за микроартикулацијата на наставата е клучен .елемент во содржината на прирачникот. Микроартикулацијата на наставата, всушност, се однесува на обликувањето на наставната работа во текот на наставниот час. Во таа смисла артикулацијата на наставниот час како основна временска и организациона единица на воспитно-образовната работа е прашање од есенцијално значење. Содржинската и логичко-психолошката складност на наставниот час, како и интеракциските односи меѓу наставникот, ученикот, наставните содржини и дидактичко-технолошкото опкружување во време од 45 минути ја определуваат ефикасноста на наставата изразена преку успехот во учењето и постигањата на ученикот.

Артикулацијата на наставниот час се одива во три етапи: воведна, главна и завршна. Притоа артикулацијата на наставниот час претставува согледување на основните елементи и обликување на целината од истите. Или со други зборови, реализирањето на секоја од етапите не е строго издвоено. Напротив, при реализацијата сите етапи меѓу себе се надополнуваат и испреплетуваат сочинувајќи една комплексна кохерентна целина.

## ВОВЕД

Воведниот дел на часот има препаративна функција и е интегрален дел на сите видови наставни часови. Според сознанијата добиени од дидактичко-методските емпириски истражувања најефикасното времетраење на воведниот дел на часот е 3 до 5 минути. Воведниот дел на часот е во функција на поттикнување на сознајните интереси на ученикот и насочување на неговото внимание кон предвидените наставни содржини. Во таа смисла содржините на воведниот дел на часот може да бидат различни. Така, часот може да започне со: повторување на претходните содржини со цел да се утврди нивото на знаење кое се задржало во свеста на ученикот .и кое ќе послужи како алка со која ќе се поврзе новата содржина. Притоа значајна помош, почитувани наставници, се домашните задачи. Во воведниот дел на часот може да се демонстрира слика, предмет, краткометражен филм, модел или, пак, да се создаде проблемска ситуација, да се прочита краток текст. При изборот на содржините за воведниот дел на часот секогаш треба да се има .предвид дека овде се создаваат објективни и субјективни услови за стекнување на знаења. Затоа воведниот дел придонесува кон реализација на сознајните, материјално-техничките, психолошките, дидактичко-методските и организациските компоненти на наставата.

Во главниот дел на часот се излагаат новите содржини. Имено, активноста е првенствено на страна, на наставникот. Сепак, пожелно .и потребно е да се активира ученикот со цел уште повеќе да се поттикне и задржи неговиот интерес и да се одржи висок степен на концентрација на неговото внимание.

Во завршниот дел на часот се средуваат резултатите од работата, се донесуваат заклучоци и се даваат домашни задачи. Целта на оваа етапа од часот е да се одржи активноста на ученикот преку активно учество донесувањето на заклучоци.

### ЦЕЛИ КОИ СЕ ПОСТИГНУВААТ СО ИЗУЧУВАЊЕ НА СОДРЖИНИТЕ ОД НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ ЕТИКА ВО РЕЛИГИИТЕ

Со наставниот план и програма наставниот предмет етика во *религиите* е предвиден во V одделение како изборен предмет со 2 часа неделно, односно 7 часа во текот на учебната година.

Содржините од предметот *етика во религиите* овозможуваат ученикот да стекне знаења за етиката како наука за доброто и моралот, знаења за поимот и значењето на етиката и моралот, како и знаења за доброто како највисока етичка вредност. Од функционален аспект, содржините се во функција на развивање способност за препознавање, прифаќање и примена на правилата за доборо однесување и хумани односи меѓу луѓето. Низ овие содржини ученикот се поттикнува на .одговорно однесување кон себеси .и кон другите и етички начин на расудување. Исто така, содржините од предметот *етика во религиите* претставуваат можност ученикот да се запознае со етиката во одделни религиски учења како православното христијанство, исламот, католичкото учење, јудаизмот и евангелско-методистичкото учење. Учениците ќе стекнат знаења за заедничките етички основи на религиите и етичките принципи на религиските учења содржани во светите книги. Истовремено содржините од програмата ќе им овозможат на учениците да усвојат одделни знаења од Библијата, Куранот, Талмудот. Покрај ова учениците ќе ги усвојат и начините на читање и разбирање на содржините во светите книги.

Изучувањето на предметните содржини кај учениците ќе придонесе за развој на способностите за прифаќање и почитување на разликите меѓу луѓето и нивната различна родова, национална и конфесионална припадност. Покрај тоа, стекнатите знаења дека религијата ги поучува луѓето на меѓусебно почитување и разбирање овозможуваат кај учениците да

се развијат вештини за дијалог, толеранција, почитување и кооперативност со другите, како и чувства на солидарност и хуманост.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА И МЕЃУСОДРЖИНСКА ПОВРЗАНОСТ И ПРИМЕНА НА ЗНАЕЊАТА И ИСКУСТВАТА

Содржините од темата. Етиката како наука за доброто и моралот се основа на подемот и развојот на личноста во целост и заедницата на која ѝ припаѓа, особено знаењата за значењето на етиката и моралот за животот на секоја индивидуа и способностите за усвојување и практицирање на хумани односи меѓу луѓето, самопочит и меѓусебно почитување. Тие се тесно поврзани со содржините од предметите класична култура во европската цивилизација, Општество, Етика, како и граѓанско образование.

Знаењата за заедничките етички основи на религиските учења и основните вредности на човекот, способноста за откривање дека етичката димензија на религиите е дел од содржините на светите книги, способноста за увидување на заедничките правила на добро однесување и заеднички живот во религиските учења, ученикот ќе ги стекне преку дел од содржините во темата Етика во религиите. Низ интересните содржини за теориските основи на религиските учења, етичката заснованост и основите на моралот на секое религиско учење одделно, ученикот ќе стекне знаења за општитете и заеднички димензии на етничноста на православното христијанство, исламот, католичкото учење, евангелско-методистичкото учење и јудаизмот. Меѓупредметното поврзување на содржините од оваа тема со содржините од предметите класична култура во европската цивилизација, општество, историја, етика како и граѓанско образование е сосема природно.

Третата тема е поделена на 5 модули кои имаат статус на изборност.

Првиот изборен модул *Етиката во православното христијанско учење* предвидува содржини со кои ученикот ќе стекне знаења за теориските основи на православното христијанско учење, настанокот и ширењето на христијанството во Македонија, раѓањето на спасителот Исус Христос, неговиот живот, смртта и воскресението, значењето на .македонските светители, што во целост кореспондира со содржините од македонски јазик и историја. Исто така, содржините на ученикот треба да му овозможат да ја осознае Библијата како темелен извор на христијанската вера, да го осознае нејзиниот настанок и местото каде се користи, но и да ги оспособи да ги чита и разбира библиските текстови. Исто така, содржините од овој модул (делот Етичка заснованост на православното христијанство) ќе го поттикнат ученикот да ги сознава и прифаќа разликите меѓу луѓето, нивното потекло (возраст, род, националност, религија и сл.); да ја разбере причината зошто човекот живее со другите луѓе; да се запознае и со основните правила за одржување на добри односи и работа во заедница со другите луѓе; да се запознае и да ги прифаќа правилата на добрите меѓусебни односи на учениците во активностите во одделението; да ги прифаќа правилата на добрите односи со родителите; да покажува доверба и љубов кон блиските во семејството, да сознава дека во заедницата секој треба да се залага за она што треба да го направи за заедничкиот живот; да знае да изрази благодарност кон родителите за љубовта и грижата која постојано ја добива од нив; да ја сознае потребата за своето однесување со почит кон наставниците и духовните лица; да запознава начини како да им помогне на своите родители; .да знае за пресвета Богородица која е пример за сите мајки на Земјата. Овие содржини во најголем дел се во директна корелација со содржините од предметите граѓанско образование и етика. Содржините од третиот дел од модулот (Православен христијански морал) се во функција на стекнување знаења и развивање способности за откривање, прифаќање и примена на највисоките христијански добродетели како добри дела, љубов, мудрост, праведност, храброст, умереност, солидарност, хуманост, сочувствување и помагање, мирољубивост, благодарност. Стекнатите знаења ќе му овозможат на ученикот да ја разбере суштината и значењето на животот, радоста и

работата, а, пред сè, на љубовта како темел на човековиот живот и благосостојба. Овие содржини во најголем дел се тесно поврзани со содржините од македонски јазик, граѓанско образование и етика, како и со дел од содржините од историја.

Вториот изборен модул *Етиката во исламското учење* предвидува содржини со кои ученикот ќе стекне знаења за теориските основи на исламското учење, ќе ги запознае шесте елементарни услови во исламското учење, за Алах џ.ш. создател и проствувач. Низ овие содржини ученикот ќе стекне знаење за Мухамед како последен пратеник на Алах, неговото раѓање, животот и смртта, за настанувањето на Куранот и неговото објавување, за исламот, како теорија и практика и петте услови на исламот како и користа од нивна примена за индивидуален и општествен развој; за чистотијата, намазот, зекетот и постот во исламското учење, како и за значењето на аџилакот во исламското учење. Исто така, низ содржините од овој модул (делот *Етичка заснованост на исламот*) ученикот ќе стекне знаење за исламската етика во училиштето и значењето на образованието во животот на човекот, исламската етика во семејниот живот и работата, за правилата на однесување и поздравување, како и за моралот на индивидуата во општеството, одговорноста кон себе и кон другите. Овие содржини се поврзани со дел од содржините од историја. Содржините од третиот дел на модулот (*Основи на исламскиот морал*) се во функција на стекнување знаења и развивање способности за откривање, прифаќање и примена на особините на добриот верник како љубов, солидарност, хуманост, почитување; знаење за значењето на моралот во семејството, училиштето, општеството; знаење за заштита и покајување од лошите дела, како и за исламското однесување и почитување на празниците. Овие содржини во најголем дел се тесно поврзани со содржините од граѓанско образование и етика.

Содржините со кои ученикот ќе стекне знаења за теориските основи на католичкото христијанство, етичката заснованост на католичкото христијанско учење и католичкиот христијански морал се поместени во третиот изборен модул од третата тема. Запознавајќи се со основните податоци за католичкото христијанско учење, учениците ќе стекнат знаења за настанокот на католичкото христијанско учење, Христовото раѓање и поздравот *Христос се роди!*, како и отпоздравувањето *Славете го!* Содржините за најважните случувања од животот на Земјата на Господ Исус Христос ќе му овозможат на ученикот да ја познава содржината на Исусовата радосна вест, ќе му помогнат да го разбере значењето на крштевањето, како и да стекне знаења за тоа како се слави Божик во црквите и во семејството. Низ содржините за Христовото воскресение учениците ќе се запознаат со библиските сведоштва за Христовата смрт и воскресение и ќе го разберат значењето на крстот како знак на Христовата љубов и како свет знак на христијаните. Содржините кои се однесуваат на основањето на Христовата црква и првите христијански заедници, како и улогата на Црквата во продолжувањето на Христовото дело и значењето на македонските светители се поврзани со дел од содржините од историја. Низ содржините од овој модул (делот Етичка заснованост на католичкото христијанско учење) ученикот ќе ги усвои поимите правила, квалитетни меѓучовечки односи, заедница, разлики и сличности меѓу луѓето, меѓусебна поврзаност, екологија. Содржините во овој дел ќе го поттикнат ученикот да ги открива, разбира и прифаќа разликите меѓу луѓето, да развива чувство на одговорност за заштита на нашата планета Земја, дом и татковина, како и да се запознае и да ги усвои правилата за зачувување на животната средина. Спецификите на овие содржини се во корелација со содржините од граѓанско образование, етика и екологија. Содржините од третиот дел на модулот (*Католички христијански морал*) се во функција на стекнување знаења и развивање способности за откривање на значењето на зборовите почит, одговорност, вистина, љубов, добри дела, праведност, доследност во секојдневниот живот. Низ овие содржини ученикот ќе ги сознае своите предности и недостатоци, ќе ја согледа потребата од заеднички живот со другите луѓе, ќе ги согледа проблемите на младите во пубертетот, причините за недоразбирање со родителите и начините за нивно реша-

вање, ќе го осознае значењето на слободата како дар Божји. Меѓупредметното поврзување на содржините од оваа тема со содржините од предметите македонски јазик, граѓанско образование и етика, како и со дел од содржините од историја е сосема природно.

Четвртиот изборен модул *Етиката во јудаизмот* низ содржините за значењето на јудаизмот како основа на другите религии, почетокот и развојот на јудаизмот, еврејската култура во Македонија (делот *Теоретски основи на јудаизмот*) ќе му овозможи на ученикот да го запознае националниот идентитет на Евреите, да сфати кој е Господ и каков е односот кон Бога во јудаизмот, да осознае за холокаустот и страдањата, за тоа кои се светите книги и каква е нивната улога и значење во животот на Евреите. Содржините од овој дел се насочени кон развивање чувство на соживот, љубов и соработка, запознавање со моралните вредности, .како и поттикнување и развивање на духовната сила потребна за опстанок на човекот и тие со својата специфичност може да се корелираат со содржините од историја и македонски јазик. Вториот дел од модулот се однесува на етичката заснованост на јудаизмот и опфаќа содржини кои се однесуваат на правилата за добри односи, почитување и заедништво, разбирање и толеранција, семејство и семеен морал и односот кон себеси и кон другите. Специфичноста на содржините овозможува интегрирање со содржини од предметите граѓанско образование и етика. Содржините од третиот дел на модулот (Моралот во јудаистичкото учење) се во функција на стекнување знаења и развивање способности за разбирање на значењето на љубовта кон човекот, за добрината како најголем дар, простувањето, мирољубивоста, хуманоста, сочувствувањето, праведноста, солидарноста, мудроста, храброста, умереноста, почитта и вербата. Овие содржини во најголем дел се тесно поврзани со содржините од граѓанско образование и етика, а во одделни делови и со содржини од ликовно и музичко образование.

Изборниот модул *Етиката во евангелско-методистичкото христијанско учење* предвидува содржини со кои ученикот ќе стекне знаења за Библијата како темелен извор на христијанската вера, настанокот, примената и содржината на Библијата, ќе ги усвои основните поими во евангелско-методистичкото учење и ќе се запознае со реформаторите на Евангелско-методистичката црква (Мартин Лутер и Џон Веслеј), работата и нејзиниот културен, историски и духовен придонес во Македонија. Овие содржини можат да се поврзат со содржини од предметот Историја. Вториот дел од модулот опфаќа содржини кои се однесуваат на правилата за добро однесување со другите во заедницата, во семејството и кон себе, основните вредности на заедничкото живеење како што се грижа, помош, солидарност, разбирање и почитување кои се тесно поврзани со содржини од предметот Граѓанско образование. Содржините во третиот дел од модулот *Моралот во евангелско-методистичкото христијанско учење* се насочени кон стекнување знаења за највисоките христијански добродетели, за одликите кои треба да ги поседува секој христијанин како што се солидарност, хуманост, сочувствување, помагање, за значењето на љубовта, работата, животот, праведноста, вистината. Преку нив меѓупредметната поврзаност со содржините од Етика е сосема природна, но не е исклучена ниту поврзаноста со содржини од предметот Ликовно образование.

Или со други зборови, во секој од изборните модули содржините се фокусирани на теориските основи на одделно религиско учење,етичката заснованост и основите на моралот на секое од нив (православно христијанство, ислам, католичко учење, евангелско-методистичко учење, јудаизам). Содржините во секој модул од третата тема се тесно поврзани со содржините од Класична култура во европската цивилизација, Општество, Историја, Граѓанско образование и Етика, а во некои делови и со содржините од Музичко и Ликовно образовани и Екологија.

Меѓусодржинската поврзаност е изразена во содржините во целост. Така запознавањето со суштината и значењето на поимот етика и морал, нивното значење а особено знаењата за доброто како највисока етичка вредност се фундамент во формирањето на знаења за етиката во религиите, знаења за основните вредности на човекот а пред се знаења за заед-

ничките етички основи и принципи на религиските учења. Од друга страна пак знаењата за заедничките етички основи и принципи на религиските учења се база на која се темели знаењето за теориските основи на одделни религии, нивната етичката заснованост и основите на моралот на секое религиско учење.

## 1. ТЕМА – ЕТИКАТА КАКО НАУКА ЗА ДОБРОТО И МОРАЛОТ

**Приказ на наставните содржини**

Преку обработката на содржините од оваа наставна тема учениците треба да се запознаат со етиката како наука за доброто и моралот, да ги усвојат поимите етика и морал и да ги разберат нивната суштина и значење. Запознавањето со доброто како највисока етичка вредност има за цел да развие способност за препознавање и прифаќање на хуманите односи меѓу луѓето, да поттикне етички начин на расудување и способност за прифаќање на доброто како висока човечка вредност.

### 1.1. Што е етика

Етиката е философска дисциплина која ги истражува целите и смислата на моралните барања како и основните критериуми за вреднување на моралните постапки. Современото изучување на етичките теории и историја не е можно без согледување на нејзините извори и темели, кои допираат до философските мисли на античка Грција. Хеленската етика е учителка не само на нашата етика и на нашата наука него и на целата наша духовна култура. Самиот збор етика е од грчко потекло (ethos - обичај и ethicos-морал). Од ова произлегува дека етиката е наука за моралот. Терминот етика и осамостојувањето на етиката како посебна философска дисциплина е поврзан за Аристотел, кој прв го употребил зборот етика во своето дело Никомахова етика. Тој ги делел човековите вредности на интелектуални и етички-морални. Најчесто во теоријата се поистоветуваат термините етика и морал. Меѓутоа помеѓу нив постои значајна разлика затоа што во суштина моралот се дефинира како одредена општествена појава, комплетно дејствување и начин на однесување на индивидуите и колективитетите во секојдневниот живот. Додека етиката е наука односно теорија за моралот. Во реалноста не се прави голема разлика меѓу етиката и моралот. Тие сепак можат да се разликуваат како теорија (етика) и практика (морал). Но ниту тогаш тие не се во меѓусебна надредена позиција.

### 1.2. Значењето на етиката

Позната е синтагмата „Без теорија нема практика“. Во тој контекст младите треба да се подготват за живот со другите луѓе, да се навикнат на обичаите и однесувањето и да ги научат позитивните норми на дејствувањето во сите области во кои што ќе настапуваат. Етиката е шанса која треба да овозможи луѓето да се замислат и да се освестат, да се ангажираат во пронаоѓањето на најдобри патишта и норми за успешно запирање на деструктивните појави во општеството на кои се подложени сите луѓе на земјата, во што е значењето на етиката. Значењето на етиката е уште поголемо кога ќе се има во предвид фактот дека таа треба да овозможи младите генерации да се подготват за големите обврски, во кои должноста да се биде човек, сериозен, добродетелен е основна животна задача на секое човечко суштество.

### 1.3. Што е морал

Во најопшта смисла моралот можеме да го дефинираме како еден од начините за регулирање на меѓучовечките односи односно како збир на општествени норми, правила и начела за однесувањето на човекот во општеството. Во своето изворно значење моралот потекнува од латинскиот јазик (mos ,moris-обичај, правило, закон; mores - начин на однесување на луѓето и сфаќање на тоа однесување, moralis – морален). Моралот е еден од облиците на човековата пракса во кој се изразува стварниот, практичен и активен однос на човекот кон надворешниот свет и самиот себе, кон другите луѓе, општествената заедница, кон работата и кон материјалните и духовни вред-

ности. Се препознава во вреднување на човековите барања и постапки како добри и лоши. При тоа добрите намери и постапки позитивно се вреднуваат, одобруваат, препорачуваат или наградуваат, а лошите негативно вредносно се оценуваат, не се одобруваат, се забрануваат и осудуваат. Во таа смисла можеме да кажеме дека моралот претставува активно обликување, насочување и вреднување на сопствените и туѓите постапки. Тоа значи дека поимот морал опфаќа оценка на човековото однесување, човековите постапки, нивното вредносно оценување и дефинирање како позитивни и добри или како негативни и лоши. Моралот е една од примарните животни потреби, еден од облиците на човековата општествена свест, односно негова општественост со чија помош поединецот се интегрира во општествената заедница. Без таа поврзаност заедничкиот живот не може ниту да се замисли. Човекот е индивидуално но и општествено суштество.

**1.4. Значењето на моралот**

Моралот е суштински составен дел на животот во заедницата. Настанал како потреба на човековото општество за да ги регулира односите меѓу луѓето. Се развивал напоредно со развитокот на човековата заедница и се наоѓа во служба на регулирање на односите помеѓу нив. Како облик на општествена свест моралот настанува во моментот кога поединецот бил принуден своите индивидуални стремежи да ги усклади со потребите на заедничкиот живот. Тој претставува процес на обликување на поединецот во општествена личност. Со самото тоа моралот го ограничува поединецот во неговите постапки, но за возврат го вклучува како рамноправен член во заедницата, во општествениот живот и покрај останатото му овозможува одредени права и слободи.

**1.5. Доброто како највисока етичка вредност**

Основни поими на етиката се Доброто и Злото. Околу нив се врти се во етиката. Тие му дават смисла на моралот. Секоја определба за моралот е нешто добро или зло. Преку овие категории се искажуваат сите намери и дејства на луѓето. Тешко е да се даде точна определба што е добро и што содржи тоа. Доброто се определува самото од себе, според неговата висока вредност и според животната и лична потреба од него. Секако тоа може да се определи, на пример, како нешто што се посакува или е потребно, или како нешто за чие извршување се дадени морални норми, или како елемент кој создава исправен живот или среќа. Или ако кажеме дека Доброто е она што чини и е добро, во сознајна смисла, сме направиле чекор напред во процесот на докажување на доброто. Самите од себе ние знаеме што е добро и тоа го разликуваме од она што не е добро. Од поимот Добро се изведени и значењата на другите категории на етиката. Тие претставуваат поинаква формулација на основните етички категории, а имаат иста вредност и значење: морално и неморално, етичко и неетичко, исправно и неисправно, правилно и неправилно, вредно и невредно, она што се цени и она што не се цени, посакувано и непосакувано. Со поимот добро во врска се и другите структурни елементи на етиката - морална свест, волја, норма, постапка, оценка, санкција. „Не треба да правиме зло, за да се види доброто“(латинска поговорка).

**<u>Организација на наставата</u>**

За оваа тема се предвидени 10 часа или по 2 часа за секоја од содржините. Со .оглед на природата на содржините најсоодветно место за реализација е училницата со можност за примена на (LCD проектор и платно) и примена на индивидуална и колективна форма. Содржината која се однесува на определување на поимот етика има за цел да ги запознае учениците .со поимот и суштината на етиката. Обработката може да почне со техниката „бура на идеи“ при што наставникот ќе ги поттикне учениците да набројуваат зборови кои според нив се тесно поврзани со поимот етика. Откако ќе се запишат на таблата може да се премине кон анализа на илустрации на кои се претставени односи меѓу луѓето. Анализата на содржината на илустрацијата се одвива во дијалог меѓу наставникот и ученикот а зборовите со кои се опишуваат илустрациите се пронаоѓаат во зборовите испишани

од претходната активност (доколку ги има се означуваат а доколку ги нема се допишуваат). Од дискусијата постепено се изведуваат заклучоци за суштината на поимот етика. Или пак учениците добиваат текст во кој се опишани одредени односи меѓу луѓето или различни видови однесувања, го анализираат и постепено се развива дискусија од која се изведува заклучок за тоа дека етиката е теориска наука за моралот.

При обработката на содржините за значењето на етиката ќе се користат претходните знаења и искуства за поимот и суштината на етиката. Препорачливо е на учениците да им се презентираат илустрации за различни видови однесувања.

**Дидактичко-методски препораки**

**Пример 1. *Што е етика?***!

Цели: учениците да се запознаат со поимот и суштината на етиката како наука за моралот. Истовремено стекнатите сознанија ќе овозможат ширење на етичкиот дух, етичката сериозност, одговорност и креативност.

Наставни средства: текстови и илустрации.

Наставни методи: разговор, објаснување, демонстрација, текст-метода.

Место на реализација: училница.

**Тек на активности:**

Воведни (препаративни) - Учениците ги анализираат демонстрираните илустрации на кои се претставени одредени односи меѓу луѓето.

Оперативни (учечко-поучувачки) - врз основа на содржината од илустрацијата, наставникот поведува разговор со учениците и врз основа на тоа заеднички донесуваат заклучоци за тоа што е етика.

Евалуативни активности: Наставникот користи текстуален извор така што врз основа на анализа на содржината од текстот, учениците го определат етичкото однесување на ликовите од текстот.

**Пример 2. *Што е морал?***!

Цели: учениците да се запознаат со поимите добро и зло, правилно, корисно, убаво и сето она што го дефинира позитивното однесување на една личност.

Наставни средства: текстови.

Наставни методи: разговор и објаснување, читање и работа со текст.

Место на реализација: училница.

**Тек на активности:**

Воведни (препаративни) - Учениците добиваат краток текст: Параболата за милостивиот Самарјанин (Лука 10, 30-37), и имаат задача да ги анализираат ликовите во текстот и според нивното однесување и дела на добри и лоши. Заклучоците од анализата на текстот ја ставаат во табела која претходно е запишана на таблата (може да се користи и хамер хартија) и поделена на два дела. Во едната колона ги пишуваат позитивните однесувања, а во втората негативните дела. Овде всушност се користи графички организатор на учење.

Оперативни (учечко-поучувачки) - врз основа на содржината од текстот, наставникот поведува разговор со учениците и врз основа на тоа заеднички донесуваат заклучоци за тоа што е добро а што лошо однесување, кои се карактеристиките на добрите дела а кои на лошите дела. При тоа заклучуваме дека моралот е збир на правила и начини на однесување на личноста кон себе и кон другите личности и воопшто кон материјалните и духовни вредности во општеството.

Евалуативни активности - од .учениците бараме да наведат поими кои го определуваат позитивното однесување на секој од нив (толерантност, чесност, правдина, мудрост, солидарност, љубов, доверба) и поимите да ги вметнат во табелата (доколку претходно не се впишани и недостасуваат во соодветната колона).

Следење и оценување на постигањата на учениците: се очекува учениците да ги знаат клучните поими од темата како што се етика, морал, доброто како највисока етичка вредност. Потребно е ученикот да ги разликува поимите етика и морал. Исто така кај ученикот треба да се развие способност за препознавање на облиците на позитивно однесување како што се толерантност, чесност, правдина, мудрост, со-

лидарност, љубов, доверба. Особено се очекува да ги прифатат како своина и да ги изразуваат во нивното однесување.

Постигнувањата на учениците можат да се евалвираат и преку активностите во дискусиите, учество и придонесот во колективната работа, успешност во решавање на вежбите.

Само-евалуацијата на ученикот може да се постигне со прецизна распределба на задолженијата на членовите на колективот.

## 2.ТЕМА-ЕТИКАТА ВО РЕЛИГИИТЕ

**Приказ на наставните содржини**

Преку обработката на содржините од оваа тема учениците треба да се запознаат и да ги усвојат заедничките етички принципи на религиските учења, да ги откриваат етичките учења на религиите содржани во светите книги, да ги увидат и препознаат заедничките правила за добро однесување и заеднички живот во религиите. Запознавањето со основните доброделети - вредности на човекот е во функција на развој на позитивна морална личност на ученикот и позитивно димензионирање на системот на општествени вредности.

Исто така преку содржините од оваа тема учениците ќе се запознаат со основните податоци за православното христијанство и најважните настани од животот на Господ Исус Христос. Низ содржините од темата учениците ќе стекнат знаења за ширењето и историскиот развој на христијанството во Македонија, како и значењето на македонските светители и поважните цркви во Македонија. Содржините од темата се во функција на стекнување знаења за Библијата како света книга за сите христијани. Во рамките на оваа тема учениците ќе се запознаат со разликите меѓу луѓето и нивното потекло,национално и конфесионално. Преку содржините од оваа тема учениците ќе се запознаат со основните христијански правила за одржување на добрите односи во семејството и во заедницата како и развивање на способност кај учениците за заеднички живот. Низ содржините учениците ќе стекнат знаења и способности за избегнување на лошите постапки, формирање на сопствено мислење за лошото однесување, знаења за значењето на хуманоста во општествената заедница. Исто така ученикот да сфати дека секој човек може да згреши, дека љубовта е темел на човековиот живот и благосостојба, да го сфати и разбере значењето и потребата од благодарност кон Бога и родителите и говорењето на вистината.

Содржините од темата ќе им овозможат на учениците да се запознаат со шесте елементарни услови на убедувања во исламското учење. Во таа смисла учениците треба да сфатат дека Алах е еден и е величествен според исламското учење, како неговиот последен пратеник е *Мухамед*. Учениците да се запознаат како е објавена книгата на Алах и да ја запознаат суштината и користа од примената на петте правила на исламот. Тематските содржини за етичката димензија на исламот се во функција на стекнување знаења за значењето на образованието за животот на човекот и образованите луѓе. Во рамките на знаењата за етичката заснованост на исламот ученикот ќе осознае за етичките вредности како што се почит кон родителите, добро однесување со своите браќа, сестри и најблиски, интерес и милост кон малите деца; љубов, почит и разбирање во семејството, почит кон другите без разлика на верата и националноста. Исто така ученикот ќе стекне знаења и способност за основите на моралот во исламот и тоа во насока на начин на изразување на љубов и хуманост кон другите, способност за разбирање на значењето на чесноста.

Содржините од оваа тема ќе му овозможат на ученикот да го сфати и разбере католичкото христијанство и најважните настани од животот на Господ Исус Христос. Истовремено ученикот ќе се запознае со библиските сведоштва за Христовото воскресение, да се запознаат со теориските основи на католичкото христијанско учење .и да го сфатат значењето на Библијата како света книга за сите христијани. Исто така учениците ќе стекнат знаења и ќе развиваат способност за сфаќање и разбирање на основните христијански правила за одржување на добрите односи во семејството и во заедницата, како и за десет-

те Божји заповеди кои во основа ја имаат љубовта кон Бога и ближниот.

При обработката на содржините од оваа тема учениците ќе стекнат знаења и способности за основните податоци за евангелско - методистичкото христијанско учење и најважните настани од животот на Господ како и знаења за тоа дека Библијата е темелен извор на христијанската вера. Во рамките на овие содржини учениците ќе ќе се запознаат со историскиот развој на .евангелско – методистичката црква и нејзиното функционирање во Македонија. Учениците исто така стекнат знаења за основите на етичкиот морал и моралните вредности во евангелско - методистичкото учење.

Учениците при обработката на содржините од темата ќе се запознаат со основните податоци на јудаизмот, потеклото и историјата. Во рамките на овие содржини учениците ќе стекнат знаења за заедничките корени и елементи на јудаизмот, .националниот идентитет на Евреите како и основите на моралните вредности во јудаизмот.

### 2.1. Заеднички етички принципи на религиските учења

Содржините имаат за цел учениците да сознаат за заедничките етички принципи на религиските учења и да ги откриваат во содржините на светите книги, да ги увидат и препознаат заедничките правила за добро однесување и заеднички живот во религиите. Запознавањето со основните добродетели - вредности на човекот е во функција на развој на позитивна морална личност на ученикот и позитивно димензионирање на системот на општествени вредности. Обработката на содржината може да се реализира преку проблемскиот модел на настава. На почетокот се создава проблемска ситуација. Исказот Секој човек од било кој дел на светот има своја религија и има свои морални начела кон кои се придржува. Сите постоечки религии повеќе или помалку говорат за моралот, за живеење според моралните правила, за љубовта, како достоинствено да го заштитиме доброто а да го отстраниме злото, како да бидеме среќни во овој живот на земјата е во функција на подготовка на учениците за истражувачка работа. Потоа учениците се делат во групи а секоја група има диференцирана задача. Првата група ќе истражува за етичките принципи на православното христијанство, втората за етичките принципи во исламот, третата за етичките принципи во католичкото учење, четвртата група ќе истражува за етичките принципи во евангелско - методистичкото учење а петата група за етичките принципи во јудаизмот. Во истражувањето учениците ќе ги користат светите книги, Библија, Куран, Талмут како и други верски записи. .За собраните податоци секоја од групите ќе води запис кој ќе го презентира пред учениците од паралелката. Потоа со споредување на записите од работата на секоја група ќе се изведат заклучоци за тоа дека заеднички етички принципи на религиските учења се: не убивај, не сведочи лажно, не кради, почитувај ги родителите и сакај го ближниот. Впрочем основниот темел на кој .се градат етичките принципи во религиските учења е љубовта.

### 2.2. Теориски основи на православието

Содржините од оваа тема ќе им овозможат на учениците да се запознаат со основните белези на православното христијанство и најважните настани од животот на Господ Исус Христос. Низ содржините учениците ќе стекнат знаења за ширењето и историскиот развој на христијанството во Македонија, како и значењето на македонските светители и поважните цркви во Македонија. Содржините исто така се во функција на стекнување знаења за Библијата како света книга за сите христијани.

Обработката на овие содржини ќе почне со краток историски осврт за настанувањето и развојот на христијанството и поделбата на христијанската црква во 1054 год. на источна - православна и западна - римокатоличка за кој ќе се води разговор по гледање на филм за настанокот и поделбата на христијанството. Последователно на тоа обработката на содржините за најважните настани од животот на Господ Исус Христос, Неговото раѓање и младост, крштевање и искушенија, страданија и воскресение, ќе се одвива преку читање и работа со текстови од

Евангелието. За обработка на содржините кои се однесуваат на ширењето на христијанството во Македонија, (за ап. Павле кој прв ја пренел вест за воскреснатиот Христос во Македонија воедно и во Европа со покрстувањето на македонката Лидија) и особено со значењето на македонските светители Св. Климент и Св. Наум Охридски можат да се користат нивните житија поткрепени со нивни икони како и фотографии од поважни цркви во Македонија. На тој начин учениците ќе стекнат знаења за значењето на Библијата како света книга за сите христијани.

**2.3. Етичка заснованост на православното христијанство**

Преку содржините за етичката заснованост на православното христијанство учениците ќе стекнат знаења за разликите меѓу луѓето и нивното потекло, возраст, пол, националност, вера. При тоа ќе се развиваат способности за прифаќање на разликите меѓу луѓето кои ќе се израз на усвојување на христијанските правила за одржување на добрите односи во семејството и во заедницата како што се правила за добро однесување, почитување, одговорност на личноста во заедницата. Особено учениците ќе стекнат знаења и ќе развиваат способност за лично залагање заради заеднички живот. Овие содржини можат да се обработат преку разговор за искуства на учениците и примери од секојдневниот живот кои говорат за разни видови однесувања кон родителите, во семејството.

**2.4. Основи на православниот христијански морал**

Низ содржините учениците ќе ги осознаат добродетелите во животот на христијаните, ќе стекнат знаења и способности за избегнување на лошите постапки, формирање на сопствено мислење за лошото однесување, знаења за значењето на хуманоста во општествената заедница. Исто така ученикот да сфати дека секој човек може да згреши, дека љубовта е темел на човековиот живот и благосостојба, да го сфати и разбере значењето и потребата од благодарност кон Бога и кон луѓето особено кон родителите. Содржините ќе го поттикнат ученикот да размислува за важноста на животот и трудот во формирањето на личноста, особено важноста на говорењето на вистината и значењето на верноста..

**2.5. Теориски основи на учењето на исламот**

Обработката на овие содржини ќе започне со краток осврт на историскиот развој на исламот, односно со настанокот и ширењето на исламот. Содржините ќе овозможат учениците да се запознаат со шесте елементарни услови на убедување во исламското учење, ќе се запознаат со фактот како настанала и како е објавена светата книга на муслиманите - Куранот и ќе се запознаат со петте правила на исламот и korиста од нивната примена. Ова ќе овозможи учениците да се стекнат со знаења дека Алах е еден и дека Алах е величествен според исламското учење и дека Мухамед е последен пратеник од Алах.

**2.6. Етичка заснованост на исламот**

Запознавањето на учениците со овие содржини ќе овозможи тие да стекнат знаења за фактот дека исламот ги поттикнува луѓето на образование и дека треба да се ценат и почитуваат образованите луѓе. Содржините ќе овозможат ученикот да сфати дека треба да ги почитува родителите и како да го прифати и да го практикува доброто однесување со своите браќа, сестри и со најблиските и неговиот однос кон децата да биде исполнет со љубов и милост. Да ја сфати улогата на семејството во општеството и да го почитува разбирањето и љубовта во семејството. Сето ова треба да овозможи ученикот да сфати дека треба да ги почитува сите луѓе без разлика на верата или националноста.

**2.7. Основи на исламскиот морал**

Овие наставни содржини ќе овозможат учениците да ги осознаат основните вредности на моралот во исламот, односно, да сфатат дека треба да ги сакаат сите луѓе и како, кои работи се вредни во животот на човекот и дека постојат многу начини на кои можеме да им помогнеме на другите луѓе и да покажеме хуманост кон нив и дека чесноста е една најзначајни-

те човекови особини. Исто така учениците ќе стекнат знаења и ќе разберат за значењето и почита во семејството и училиштето, ќе разберат дека на ниту еден начин не можат да ги сокријат лошите постапки од Алах и да увидат дека правењето на лоши дела е најлошото нешто, но и да разберат дека вратите на покајувањето се секогаш отворени а дека покајувањето ги помилува гревовите.

**2.8.Теориски основи на католичкото учење**

Низ содржините кои се однесуваат на теориските основи на католичкото учење учениците ќе се запознаат со историскиот развој, настанокот на христијанството и поделбата на христијанството на источно и западно, односно на православно и католичко христијанство, со што ќе се создадат услови учениците да се стекнат со знаења за основните карактеристики на католичкото христијанство и најважните настани од животот на Господ Исус Христос. Преку овие содржини учениците ќе се запознаат со библиските сведоштва за Христовото воскресение, ќе ги усвојат основните поими за католичкото христијанско учење, ќе го увидат значењето на македонските светители и ќе се стекнат со знаење дека Библијата е света книга за сите христијани.

**2.9. Етичка заснованост на католичкото учење**

Содржините за етичката заснованост на католицизмот има за цел на учениците да им укаже на фактот дека етичките вредности ќе им овозможат да ги осознаат и прифатат разликите помеѓу луѓето кои произлегуваат од нивното потекло, националност, вера и сл. Исто така овие содржини ќе ги запознаат учениците со основните христијански правила за одржување на добрите односи во семејството и во заедницата и дека во заедницата сите тие треба да се залагаат за она што треба да го направат во заедничкиот живот.

**2.10. Основи на католичкиот христијански морал**

Содржините насловени како Основи на католичкиот христијански морал, ќе овозможат учениците да ги осознаваат и објаснуваат десетте Божји заповеди и да согледаат дека заповедите се сведуваат на љубов кон Бога и дека се правила за праведен и среќен живот за сите луѓе на Земјата. Понатаму преку овие содржини учениците ќе сфатат дека љубовта е темел на човековиот живот и благосостојба, ќе го осознаат значењето и потребата од благодарноста кон Бога и кон луѓето, ќе се запознаат со фактот зошто е важно и добро секогаш да се зборува вистината и да ги согледаат и именуваат опасностите од современите зависности во кои младите најчесто паѓаат во замка денес, како и да ги препознаваат лошите нешта во заедницата и лошите општествени влијанија.

**2.11. Теориски основи на евангелско-методистичкото учење**

Во рамките на овие содржини .учениците ќе се запознаат со основните податоци за евангелско - методистичкото христијанско учење и најважните настани од животот на Господ Исус Христос. Овие содржини исто така ќе овозможат учениците да сфатат и да осознаат дека Библијата е темелен извор на христијанската вера, ќе се запознаат со историјата на Евангелско - методистичката црква и со нејзината работа во Македонија.

**2.12. Етичката заснованост на евангелско-методистичкото учење**

Содржините кои во свои рамки го третираат проблемот за етичката заснованост на евангелско-методистичкото учење треба на учениците да им укаже на фактот дека етичките вредности ќе им овозможат да ги осознаат и прифатат разликите помеѓу луѓето кои произлегуваат од нивното потекло, националност, вера и сл. Исто така овие содржини ќе ги запознаат учениците со основните евангелско - методистички правила за одржување на добрите односи во семејството и во заедницата и дека во заедницата сите тие треба да се залагаат за она што треба да го направат во заедничкиот живот.

### 2.13. Основите на моралот на евангелско-методистичкото учење

Преку содржините кои го третираат прашањето за основите на моралот на евангелско-методистичкото учење учениците ќе бидат во можност да сфатат и да осознаат зошто треба да се избегнува лошото однесување и да се формира мислење за лошите постапки, да се практикува хуманоста во општеството, но и да се констатира дека секој човек може да згреши. Понатаму низ останатите содржини кај учениците ќе се поттикнат да размислуваат за важноста на животот, за значењето на трудот во формирањето на личноста, да откриваат зошто е значајно секогаш да се зборува вистината и да се сфати значењето на верноста како христијански добродетел.

### 2.14. Теориски основи на јудаизмот

Во рамките на содржините *Теориски основи на јудаизмот* учениците ќе се запознаат со основните податоци на јудаизмот, потеклото и историскиот развој, како и со националниот идентитет на Евреите. Исто така овие содржини ќе овозможат учениците да сфатат дека треба да се поттикнува почитта кон јудаизмот, да знаат што е најважно за неа, но и да ги именуваат заедничките корени и елементи на јудаизмот и на другите религии.

### 2.15. Етичка заснованост на јудаизмот

Содржините за етичката заснованост на јудаистичкото учење треба на учениците да им укаже на фактот дека етичките вредности ќе им овозможат да ги осознаат и прифатат разликите помеѓу луѓето кои произлегуваат од нивното потекло, националност, вера и сл. Исто така овие содржини ќе ги запознаат учениците со основните јудаистички правила за одржување на добрите односи во семејството и во заедницата и дека во заедницата сите тие треба да се залагаат за она што треба да го направат во заедничкиот живот.

### 2.16. Моралот во јудаизмот

Содржините насочени кон проблемот на моралот во јудаизмот, ќе овозможат учениците да сфатат и да разберат дека постојат разни начини за да и се помогне на луѓето, но не само да се помага туку и да се прават добри дела. Во тој контекст преку останатите содржини од оваа тема учениците да сознаат зошто треба да се избегнуваат лошите постапки и да изградат свој став кон лошото однесување, но и да осознаат дека десетте заповеди се за сите луѓе без разлика на верата, расата, националноста и сл.

**<u>Организација на наставата</u>**

За оваа тема се предвидени 20 часа од кои 16 часа за обработка на нови наставни содржини и 4 часа за повторување и евалвација на постигнувањата на ученикот. Покрај училницата како место за реализација, одделни содржини од темата можат да се реализираат и во објекти надвор од училиштето кои имаат општествено - сакрална вредност. Покрај учебникот, можат да се применат и други визуелни медиуми. Од текстуалните извори на знаења можат да се користат .библиски речник, илустрирана библија, Куран, Талмуд, а од илустративните средства - илустрации, слики, форографии. Со оглед на спецификата и природата на одделни содржини од темата можат да се користат и кратки филмски записи. Особено е погодна примената на групната форма на работа на часовите за повторување во насока на изработка на групни проекти. Проблемскиот приод во наставата е сосема природен при обработката на одделни содржини од оваа тема. Така проблемската ситуација може да се создаде со фактот дека моралот е недвојив елемент на религијата. Впрочем нема ниту еден облик на религија без некакви морални прописи, општи и посебни кои се специфични за поедини облици на религијата. Така декомпозицијата на проблемот може да се однесува во правец на определување на општите морални принципи и на посебните специфични за оддделно религиско учење од друга страна. На тој начин учениците ќе се поттикнат на учење со откривање, ќе се упатуваат на користење е-извори на знаења, дополнителна литература и слично.

## Дидактичко-методски препораки

**Пример 1. *Основите на православниот христијански морал***

Цели: учениците да се запознаат и да ги осознаат добродетелите во животот на христијаните, односно да ги осознаат вредностите на православната христијанска етика со кои треба да се раководи секој христијанин, што треба да прави, што е добро, на што треба да внимава за да може да угоди на Бога, да постигне вечно спасение кое е ветено од Бога и содржано во учењето на православната црква.

Наставни средства: текстот „Десетте божји заповеди“

Наставни методи: метод на усно излагање, метод на разговор, текст метода

Место на реализација: училница

**Тек на активности:**

Воведни (препаративни)- наставникот изнесува кратки информации за настанувањето на „Десетте божји заповеди“ при што нагласува дека Бог „Десетте божји заповеди“ ги дал преку Мојсеј на две камени плочи. На едната биле напишани првите четири заповеди, а на втората останатите шест. Таа поделба била направена според нивната содржина, врз основа на двете основни форми на љубовта - љубовта кон Бога и љубовта кон Ближните.

Оперативни (учечко-поучувачки) – работа со текст од Десетте божји заповеди кои се дадени на 2 хамер хартија (така како што ги дал Бог) и за секоја божја заповед низ разговор меѓу наставникот и учениците се толкува нивното значење. Така првата божја заповед гласи „Јас сум Господ твој, да немаш други богови освен Мене“. Така првата Божја заповед бара од нас да веруваме во Единиот Вистински Бог а верувањето во многу богови да го отфрлиме како грев и измама. Првата Божја заповед го обврзува христијанинот да верува дека постои Еден, Единствен, Жив Вистински Бог кој е Создател на се видливо и невидливо и нема други богови освен Него. Оваа Божја заповед можеме да ја нарушиме и да згрешиме против неа доколку изразуваме неверување во постоењето на Бога и се забранува кривоверие и безбожие или исповедање на многубоштво. За значењето на љубовта и верата кон Бога се говори и во останатите три Божји заповеди. Така љубовта, верата и почитта .на христијанинот кон Бога е изразена во третата божја заповед која гласи „Не изговарај го напразно името на Господа, твојот Бог“. Останатите шест Божји заповеди се однесуваат на љубовта кон Ближните и во тој контекст ќе ја спомeнеме петтата Божја заповед која гласи„ Почитувај ги татка си и мајка си, за да ти биде добро и долго да поживееш на земјата“. Во оваа заповед се содржи должноста на децата да ги почитуваат и да ги сакаат своите родители, кои после Бога се најценети суштества, најдобронамерните и најголемите добротворци за нас. Почитувајќи ги родителите, децата се учат да ги почитуваат авторитетите на своите претпоставени, свештените лица, наставниците. Врз неа се темели радоста и хармонијата во семејството и во општеството.

Евалуативни активности: Врз основа на претходните активности, учениците донесуваат заклучок дека .Бог поставил ред во љубовта. Прво љубовта кон Бога, потоа љубовта кон ближниот и дека основата на православниот христијански морал се темели на љубовта.

Следење и оценување на постигањата на учениците: се очекува учениците да ги знаат клучните поими од темата како што се добри дела, љубов, мудрост, праведност, храброст, умереност, помагање, проштевање, помирување, трудољубивост. Исто така кај ученикот треба да се развие способност за препознавање на облиците на позитивно однесување како што се толерантност, чесност, солидарност, доверба. Особено се очекува да ги прифатат како своина и да ги изразуваат во нивното однесување.

Постигнувањата на учениците можат да се евалвираат и преку активностите во дискусиите, учество и придонесот во колективната работа, успешност во решавање на вежбите.

Само-евалуацијата на ученикот може да се постигне со прецизна распределба на задолженијата на членовите на колективот.

**Пример 2.** ***Етичката заснованост на исламот***

Цели: да увиди дека исламот ги поттикнува луѓето на образование и дека ги цени образованите луѓе, односно учениците да сфатат дека исламот е етичка религија и е многу важна за поставките, однесувањето и начините на поздравување на луѓето,и оценувањето на верниците. Во нејзината етичка основа лежат атрибутите за вечноста, вистината, праведноста, убавината, љубовта и добрината.

Наставни средства: Куранот (петте столба на исламот- сведочење (шехадет), молитва (намаз), пост (сијам), зекат (милостина), аџилак

Наставни методи: текст метода, разговор, метод на усно излагање

Место на реализација: училница

**Тек на активности:**

Воведни (препаративни) – читање на текстови за етиката во исламското учење

Оперативни (учечко-поучувачки) –анализата на текстовите и

Евалвативни активности: Петте столбови на исламот истакнати како задолжителни етички вредности, се должности и норми на секој муслиман во исламот. Тие се основни и традиционални етички норми на верата и на живеењето и кон тие етички барања треба да се придржува секој верник.

Следење и оценување на постигањата на учениците: се очекува учениците да ги прифатат начините на добро однесување со најблиските, да ја сфатат улогата на семејството во општетсвото, да ги прифатат начините на поздравување на луѓето без разлика на верата, родот или националноста и да ги почитуваат другите луѓе.

Постигнувањата на учениците можат да се евалвираат и преку активностите во дискусиите, учество и придонесот во колективната работа, успешност во решавање на вежбите, начини на однесување кон другите ученици, кон наставниците, во училиштето.

Само-евалуацијата на ученикот може да се постигне со прецизна распределба на задолженијата на членовите на колективот.

**Пример 3.** ***Етичката заснованост на јудаизмот***

Цели: да ги запознаат, усвојат и прифатат основните вредности на етичките основи на јудаизмот, а особено .животот во заедницата како и разбирањето на потребата од заеднички живот и усвојување на основните правила за одржување на добри односи во заедницата со другите луѓе.

Наставни средства: фотографии, снимки, видео записи

Наставни методи: метод на демонстрација, разговор, опишување

Место на реализација: училница

**Тек на активности:**

Воведни (препаративни) – овде може да се демонстрира фотографии од разни народи кои живеат во Израел.

Оперативни (учечко-поучувачки) – Анализата на содржината од фотографијата е мотив за дискусија за обележјата по кои луѓето се разликуваат, облеката, надворешниот изглед. При тоа учениците ги наведуваат сличностите и разликите меѓу луѓето. Констатираат дека луѓето живеат и работат во заедница бидејќи човекот е социјално суштество и дека развојот на секој човек е резултат на добрите односи со другите членови на заедницата. Еден облик на заедница е семејството. Развојот на сите членови во семејството се темели на добрите односи и правилното однесување меѓу родителите и децата. И одделенскиот колектив е заедница. Успехот во работата во училницата и во учењето исто така се темели на добрите односи и правилното однесување меѓу наставникот и учениците.

Евалвативни активности: Учениците наведуваат примери од секојдневниот живот за однесувањето меѓу луѓето. Нивните искуства се показател за тоа колку ги разбрале новите содржини.

Следење и оценување на постигањата на учениците: се очекува учениците да ги знаат клучните поими од темата како што се заедница, сличности и разлики меѓу луѓето, правила за однесување меѓу луѓето. Исто така кај ученикот треба да се развие способност за препознавање на облиците на позитивно

однесување како што се толерантност, чесност, правдина, мудрост, солидарност, љубов, доверба, да ги прифати и изрази во своето однесување.

Постигнувањата на учениците можат да се евалвираат и преку активностите во дискусиите, учество и придонесот во колективната работа.

Само-евалуацијата на ученикот .може да се постигне со следење на начините на однесување кон другите ученици, кон наставниците, во училиштето.

## 3 ТЕМА ИЗБОРНИ МОДУЛИ ОД НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

### 3.1. ЕТИКАТА ВО ПРАВОСЛАВНОТО ХРИСТИЈАНСКО УЧЕЊЕ

**Приказ на наставните содржини**

Содржините од овој изборен модул ќе му овозможат на ученикот да се запознае со настанокот на православното христијанско учење и раѓањето на Спасителот Исус Христос во Витлеем, со најважните случувања од животот .на Господ Исус Христос и Неговата грижа за луѓето, Христовата смрт и воскресение. Низ содржините од овој изборен модул учениците ќе стекнат знаења за значењето на крстот како знак на Христовата љубов и како свет знак на христијаните, ќе ги усвојат основните поими за православното христијанско учење, ќе се запознаат со Симболот на верата и Господовата молитва при што ќе ги усвојат и ќе го осознаат значењето на поимите крст, крштевање, храм, црква, манастир, икона, фреска, постење. Преку сознанијата од житијата за Св. Климент, Св. Наум, Св. Кирил, Св. Методиј ќе се запознаат со нивното значење за ширење на православното христијанско учење во Македонија. Низ содржините од овој модул учениците ќе се запознаат со Библијата како запишан Божји збор, со нејзината содржина и поделба. Во модулот се опфатени содржини кои се изразени со поимите заедница, сличности и разлики меѓу луѓето, правила за однесување меѓу луѓето; солидарност, помош, толеранција; семејство и семеен морал, одговорности на членовите на семејството; возрасни лица,наставници, свештеници, власт, благослов, моралност, граѓански закон и се однесуваат на етичката заснованот на православното христијанство. Третиот дел од модулот се однесува на содржини кои го определуваат православниот христијански морал низ поимите добри дела, љубов, мудрост, праведност, храброст, умереност, солидарност, сочувствување, помагање, помирување, проштавање, мироољубивост, праведност, неправда,благодарност, радост, причест и сл.

#### 3.1.1. Теоретски основи на православното христијанство

Христијанската црква, опстојувала како една, света, соборна и апостолска се до расколот во 1054 година кога доаѓа до нејзина поделба и тоа на: источна и западна или вселенско - православна и римокатоличка црква. Според апостолите Лука и Матеј, Исус бил роден во Витлеем како син на Јосиф и Марија. Според Ев. на Лука, Архангел Гаврил ја посетил Марија за да и пренесе дека таа е избраницата од Бог да го роди Синот Божји. Името Исус значи Спасител а Христос – Помазаник. Во христијанството Неговото раѓање (Божик) се слави на 25 декември според грегоријанскиот календар односно на 7 јануари според јулијанскиот календар. Исус своето детство го поминал во Назарет, Галилеја. Општо прифатено е дека Исус до своите 30 години работел како дрводелец заедно со својот татко. Кога имал 30 години бил крстен од страна на Св. Јован Крстител во реката Јордан. Крштевањето на Исус според Библијата се смета за почеток на Исусовата јавна служба, кога со Својата проповед и дела ја обиколил Галилеја. Ги поучувал и ги лекувал болните. Во последната недела од Својот живот, според записите во Евангелието, Исус со своите ученици влегол во Ерусалим и ја востановил Тајната вечера пред еврејскиот празник Пасха. Јуда Искариотски, еден од Исусовите апостоли, бил оној кој што го предал Исус, по што бил осуден на смрт со распнување на крст. Третиот ден од распнувањето Исус воскреснал. Воскреснувањето на Исус Христос го славиме на ден Велигден.

Ширењето на православното христијанство во Македонија почнува уште од првиот век кога св. Ап.

Павле на едно од своите патувања прв ја донесува веста за Воскреснатиот Господ Исус Христос, притоа покрстувајќи ја македонката Лидија. Православието во Македонија го шират светите браќа Кирил и Методиј и нивните следбеници Св. Климент и Св. Наум Охридски Чудотворец. Света книга на христијанството е Светото Писмо, наречено уште и Библија. Тоа содржи 77 книги пишувани од Божји праведници, избраници, пророци и апостоли со Божјо вдахновение. Стариот Завет го претставуваат 50 книги а Новиот – 27 книги. Библијата е дар од Севишниот со цел да ни го открие Својот вечен план за спасението на човековиот род преку верата во Неговиот Син, Исус Христос.

**3.1.2. Етичка заснованост на православното христијанство**

Низ содржините за етичката заснованост на православното христијанство ќе се објасни суштината на поимот заедница како и поимот семејство како вид на заедница. Во рамките на овие содржини учениците ќе се запознаат со основните вредности на заедничкото живеење како што се грижа, помош, солидарност, разбирање и почитување, но и правилата за добро однесување во семејството, кон себе и кон другите луѓе.

**3.1.3. Православен христијански морал**

Моралот како начин за доброто однесување помеѓу луѓето е основа и содржина на православното христијанско учење. Во таа смисла православниот христијански морал ги нагласува основните добродетели - вредности на христијаните. Низ овие содржини ќе се обработат и усвојат поимите добри дела, љубов, мудрост, храброст, умереност,солидарност, хуманост, помагање, покајание, помирување, проштавање, мир, мироЉубивост, правда, праведност, неправда, благодарност,верност, радост, леб, живот. За значењето на поимите православниот христијански морал упатува: Сакај ја вистината со зборови и дела, што значи да се биде верен.

**<u>Организација на наставата</u>**

Содржините во изборниот модул се поделени во три дела. За првиот дел Т*еоретски основи на православното христијанство* се предвидени 14 часа кои можат да бидат распоредени така што 10 часа ќе бидат наменети за обработка на нова содржина а 4 часа за повторување. 10 часа се предвидени за вториот дел (Етичката заснованост на православното христијанство) и 18 часа за содржините од третиот дел кои се однесуваат на православниот христијански морал. Имајќи ја во предвид природата на содржините и согласно нивната специфичност за поголем дел од содржините најсоодветно место за реализација на наставата е училницата со можност за примена на (LCD проектор и платно) и примена на индивидуална и колективна форма. Но одделни содржини можат да се реализираат надвор од училницата, како на пример содржината која се однесува на значењето на македонските светители. Тогаш настава може да се моделира во .наставна екскурзија. При обрабоката на содржините од првиот изборен модул потребно е да користат и други средства, како филм, икони, разгледници од манастири и цркви. Исто така покрај учебникот како текстуален извор на знаења може да се користи Библиски речник, Библиски атлас, Илустрирана библија, Библија за млади. Посебно ќе го нагласиме дека при обработката на одделни содржини (како прославување на празникот Божик, Велигден во семејството) повеќе од потребно е да го користиме искуството на учениците и нивните предзнаења како основа на која ќе се темелат новите знаења предвидени со програмата. Овде може да се изработуваат групни и индивидуални проекти со цел да се активираат учениците, дасе пишуваат есеи за одделни содржини со што ќе се придонесе во развојот на усното и писмено изразување на ученикот.

**<u>Дидактичко-методски препораки</u>**

**Пример1. *Раѓањето на Спасителот Исус Христос***

<u>Цели:</u> да ги запознаат, усвојат и прифатат текстовите за раѓањето на Господ Исус Христос и да открие дека Тој живеел скромен живот на земјата.

Наставни средства: филм за раѓањето на Исус Христос

Наставни методи: разговор, метод на демонстрација, метод на усно излагање

Место на реализација: училница

**Тек на активности:**

Воведни (препаративни) – часот го започнуваме со разговор со учениците по прашањата: Зошто го славиме Божик? Што се одбележува на тој ден? Како го славиме? Потоа може да се истакне целта дека денес ќе гледаме одделни инсерти од филмот Исус од Назарет.

Оперативни (учечко-поучувачки) – Емитување на филмските инсерти по кои следува разговор за тоа дека неговите родители се Јосиф и Марија. Исус се родил во Витлеем на 7 јануар(25 декември). Овде наставникот објаснува за датите на неговото раѓање. Своето детство го поминал во Назарет, Галилеја. Живеел скромен живот. Бил дрводелец, објаснува наставникот. Неговото раѓање го славиме на Божик со поздравот Христос се роди! и отпоздравувањето Навистина се роди! .

Евалвативни активности: Низ кратки прашања се повторуваат содржините обработени на часот.

Следење и оценување на постигањата на учениците: се очекува учениците да ги знаат клучните поими од темата како што се Исус Христос, Син Божји,Витлеем, пештера, пастири, ангели, мудреци, мир, радост. Потребно е ученикот да ги разликува исказите Христос се роди! Навистина се роди!.

Постигнувањата на учениците можат да се евалвираат и преку активностите во дискусиите, учество и придонесот во колективната работа, успешност во решавање на вежбите.

Само-евалуацијата на ученикот може да се постигне со прецизна распределба на задолженијата на членовите на групата и на секој ученик посебно.

## 3.2. ЕТИКАТА ВО ИСЛАМСКОТО УЧЕЊЕ

**Приказ на наставните содржини**

Содржините од овој изборен модул ќе му овозможат на ученикот да се запознае со основите на исламското учење и шесте елементарни услови на исламското учење, да сознае дека Алах е еден и да искажува благодарност кон него. Исто така низ содржините од овој изборен модул ученикот ќе се запознае со животот, дејствувањето и смртта на Мухамед. Овде ќе се стекне со сознанијата за Куранот како книга објавена од Алах преку Мухамед како и сознанија за петте услови (правила) на исламот, особено за значењето намазот, зекетот, постот и аџилакот како и со чистотијата на исламското учење. Во рамките на модулот учениците ќе стекнат знаења за етичката заснованост на исламот и тоа посебно со исламската етика во семејството, училиштето и работата. Овде не само што ќе се запознаат туку и ќе се развиваат способности кај учениците за разбирање и прифаќање на правилата на поздравување и правилата на однесување во џамија. Низ содржините морално ќе се воспитува индивидуата, поттикнувајќи ја на одговорност кон себе и кон другите. Содржините на модулот кои се однесуваат на основите на исламскиот морал се целнонасочени кон формирање особини на добар верник како што се љубов, солидарност, хуманост и почитување, заштита и покајување од лоши дела. Дел од содржините имаа за цел да ги запознаат учениците со исламското однесување и почитување на празниците.

### 3.2.1. Основи на исламското учење

Исламот е монотеистичка религија која се вбројува во аврамовите религии и е втора религија по распространетост во светот. Следбениците на оваа религија се нарекуваат муслимани. Муслиманите веруваат дека Бог - Алах го предал својот божествен збор во облик на откровенија преку разни пророци и дека Мухамед бил последниот божји пророк. Исламот најдобро се дефинира според Куранот кој за муслиманите е безгрешен збор предаден од Алах на Мухамед. Според исламските научници исламот се дефинира како систем на закони за олеснување на човековиот живот и прифаќање на Господ како создател. На арапски зборот ислам доаѓа од кованицата: син-лам-мим која значи покорност, предавање, послушност. Зборот ислам е вербален апстракт и буквално значи покорност-послушност кон Алах (Бог). Муха-

мед се родил во 570 год. од нашата ера и неговото лично име било Абул Касем Ибн Абдула а покасно сам себе се нарекол Мухамед што значи славен. Суштината на муслиманското догматско учење е изразена во исповедување кое е должност за секој муслиман и гласи Нема Бог освен Алах, а Мухамед е негов пророк. Единственото муслиманско учење е содржано во т.н. муслимански симболи на верата кои можат да се изразат во неколку догми и тоа: Верувам во Бога, во божјите ангели, божјите книги, божјите пратеници, судниот ден, божјото одредување на доброто и неугодното од Бога, животот после смртта, вечниот живот. Основите на исламското учење се дадени во светата книга на муслиманите Куранот. Муслиманите веруваат дека Куранот е божја реч предадена на Мухамед преку ангелот Габриел на многу наврати меѓу 610 до неговата смрт во 632 год. На Мухамед Куранот му бил објавен на делови (ајети) или неколку делови одеднаш како дел на една целина (сура) или како една сура во целина. После примањето тој го соопштил на неговите следбеници и заедно го практицирале. Мухамед проповедта на новата религија ја почнал во градот Мека но наишол на слаб одзив. Првите муслимано од Мека биле гонети и некои избегале во Абисинија, а некои во Медина заедно со Мухамед. Тоа бегство се случило на 22 септември 622 година и тоа е почетокот на муслиманската вера од кога муслиманите ги бројат годините. Петте услови односно правила на исламското учење се шехадет - сведочење, намаз - молитва, зекат - милосрдие, рамазан – пост и аџилак. Намазот е најважен составен елемент на исламското учење и верување на еден муслиман во молитвата која е задолжителна за секој полнолетен и свесен муслиман. Секој муслиман треба петпати дневно да се помоли на Бога. Милосрдието е третиот важен елемент во исламското учење кој се поврзува со богатството на муслиманите. Сите муслимани кои имаат богатство, повеќе од што е дозволено за основен живот се задолжуваат да дадат дел од своето богатство што го имаат. Ако државата е организирана, тогаш зекатот го собира и дели државата. Следниот важен елемент во исламското учење е постот во месецот Рамазан. Постот е задолжителен за сите полнолетни муслимани и за сите оние кои имаат здравствена можност да го издржат. Аџилакот е задолжителен за секој муслиман кој е богат а се состои во посетување на Каба (муслиманско светилиште во Медина) во определено време за молење за аџилак.

### 3.2.2. Етичка заснованост на исламот

Низ овие содржини учениците ќе се запознаат со исламската етика во училиштето, во семејниот живот и во работата. Исто така низ овие содржини ќе се запознаат со правилата на однесување во нивните светилишта.

### 3.2.3. Основи на исламскиот морал

Содржините кои се однесуваат на основите на исламскиот морал учениците ќе ги усвојат низ поимите љубов, солидарност, хуманост, почитување. Всушност со овие поими ќе стекнат знаење за тоа како да се заштитат од лошото однесување, како да се покаат но исто така и знаења за тоа како да ги почитуваат исламските празници и да ја покажат хуманоста кон човекот и заедницата.

### Организација на наставата

Содржините во изборниот модул се поделени во три дела. За првиот дел Теоретски основи на исламот се предвидени 14 часа кои можат да бидат распоредени така што 10 часа ќе бидат наменети за обработка на нова содржина а 4 часа за повторување. 10 часа се предвидени за вториот дел (Етичката заснованост на исламот) и 18 часа за содржините од третиот дел кои ги опфаќаат основите на исламскиот морал. Имајќи ја во предвид природата на содржините и согласно нивната специфичност за поголем дел од содржините најсоодветно место за реализација на наставата е училницата со можност за примена на (LCD проектор и платно) и примена на индивидуална, групна и колективна форма. При обрабоката на содржините од овој изборен модул потребно е да користат и други средства, како филм, разгледници од џамии, видео снимки и видео записи. Исто така покрај учебникот како текстуален извор на знаења мо-

жат да се користат текстови од Куранот. Посебно ќе нагласиме дека при обработката на одделни содржини (како прославување на празникот Курбан, Бајрам) повеќе од потребно е да го користиме искуството на учениците и нивните предзнаења како основа на која ќе се темелат новите знаења предвидени со програмата. Овде може да се изработуваат групни и индивидуални проекти со цел да се активираат учениците, да пишуваат есеи за одделни содржини со што ќе се придонесе во развојот на усното и писмено изразување на ученикот. Покрај тоа можат да се применуваат и други наставни стратегии како дебати на пример на теми од љубовта, хуманоста, почитувањето кон другите луѓе. Од наставните методи можат да се користат:метод на разговор, текст-метода, метод на демонстрација, метод на илустративни работи а од социолошките облици на наставна работа: групна, тандемска, колективна и индвидуална. .

**Дидактичко-методски препораки**

**Пример 1. *Правила и услови на исламот***

Цели: да ги запознаат, усвојат и прифатат петте услови на исламот, дека исламот е теорија и практика и да се запознае со корист од примената на овие услови или правила.

Наставни средства: фотографии со содржина која се однесува на постот, аџилакот.

Наставни методи: метод на разговор, усно излагање, метод на демонстрација.

Место на реализација: училница

**Тек на активности:**

Воведни (препаративни) – разговор за искуства на ученикот од секојдневниот живот на муслиманите.

Оперативни (учечко-поучувачки) – Наставникот објаснува дека исламот се темели на петте правила на исламот кои се сведочење(шехадет), молитва (намаз), пост (сијам), милостина(зекат) и аџилак. При тоа објаснува дека сведочењето зборува дека нема друго божество достојно за обожавање освен Алах, а Мухамед е божјиот пратеник. Молитвата е првиот чекор на влегување во исламскиот систем која е задолжителна за секој полнолетен муслиман која го обврзува пет пати на ден да се помоли на Бога. Постот е третиот исламски столб кој зборува за постоење на месец Рамазан и е задолжителен за сите полнолетни и здравствено способни муслимани. Милостината зборува за фактот дека сите муслимани кои имаат богатство .повеќе од тоа што е дозволено за основен живот се задолжуваат да дадат дел. Аџилакот е петтиот и последен столб на исламот и е задолжителен за секој богат муслиман и се состои во посетување на каба(исламско светилиште) во определено време на поклонение во Мека и Медина каде што настанал исламот. .

Евалвативни активности:

Следење и оценување на постигањата на учениците: се очекува учениците да ги знаат клучните поими од темата како што се сведочење (шехадет), молитва (намаз), пост (сијам), милостина (зекат) и аџилак. Од друга страна ученикот треба да ја сфати корист од овие услови во индивдуалниот и општествениот живот.

Постигнувањата на учениците можат да се евалвираат .и преку активностите во дискусиите, учество и придонесот во колективната работа, успешност во решавање на вежбите.

Само-евалуацијата на ученикот може да се постигне со прецизна распределба на задолженијата на членовите на колективот.

**Пример 2. *Куранот во исламското учење***

Цели: учениците да стекнат знаење дека Куранот е книга објавена од Алах џ.ш.; да стекне знаење дека читањето на Куранот, според исламското учење, е ибадет.

Наставни средства: Куранот (сура 17 Јусуф, ајети 22-33)-превод на македонски јазик од Хасан Џило

Наставни методи: метод на усно излагање, метод на разговор, текст-метода

Место на реализација: училница

**Тек на активности:**

Воведни (препаративни)- Наставникот им го покажува на учениците Куранот и ги запознава со начинот на читање и пронаоѓање на текстови во него.

Оперативни (учечко-поучувачки) – Наставникот посочува пример за пронаоѓање на текстови од Куранот и нивното читање објаснува дека е ибадет, односно позитивна и добра особина која говори за тоа кои се позитивни облици на однесување на човекот. Како пример го зема текстот од Куранот кој се однесува на дванаесетте морални правила (До-декалог). Имено, наставникот објаснува дека во До-декалогот се објаснети 12 морални правила на однесување кои треба да ги почитува секој верник-муслиман односно секој човек. Тие се содржани во Сура 17 од Куранот, во ајетите од 22 до 33. Имено, во 22 ајет се вели: „И покрај Аллах друг бог не означувајте. Ќе останете тогаш осудени и отфрлени." Пораката во овој ајет е да се почитува само Аллах и ниту еден друг бог. Во вториот ајет (23) е содржано: „И Господарот твој определи: „Само Него да го обожавате, а на родителите добро да им правите. Ако еден од нив или двајцата кај тебе доживеат старост, не кажувај им ни уф. Не обраќај им се со висок глас и зборувај им зборови благородно". Третиот ајет (24) „И пред нив спушти ги крилјата на потчинетоста, и речи: „Господаре мој, смилуј им се онака како што тие ми се . смилуваа кога бев малечок".! 25-И дај му го на ближниот правото негово, и на сиромашниот и на патникот, и не троши безмерно! Расипниците, навистина се браќа на Шејтанот (ѓаволот). 26 - И не убивајте ги децата ваши, плашејќи се од сиромаштија. Ние и нив и вас ве храниме. Убивањето нивно навистина е грев голем!.27- И не приближувајте се кон блуд. Тоа навистина е разврат и пат лош!. 28- И не убивајте никого за кого Аллах забрани, безправно!. А во однос на оној кој е убиен ни крив ни должен на заштитникот негов му дадовме власт но нека не претерува во убивањето... 29- И не приближувајте се кон имотот на јетимот (сирачето)!. Додека не стане полнолетен однесувајте се кон него на најдобар начин. 30- Исполнувајте го договорот! За договорот навистина има одговорност! 31- И кога мерите мерите како што треба мерејќи на кантарите праведно. Ете тоа е најдобар и најубав исход.! 32 - И не следи го она што не го знаеш. И слухот и видот и срцето нека ти бидат одговорни, навистина!. 33 - И не оди по земјата горделиво!. Ти, навистина, земјата не ќе ја пробиеш и не ќе ги надвишиш брдата!.

Евалвативни активности:

Следење и оценување на постигањата на учениците: се очекува учениците да ги знаат клучниот поим од темата како што е ибадет.

Од друга страна тоа ќе му овозможи на ученикот да се стекне со позитивни правила на однесување во заедницата, развивајќи го сопствениот морален кодекс на однесување.

Постигнувањата на учениците можат да се евалвираат и преку активностите во дискусиите, учество и придонесот во колективната работа, успешност во решавање на вежбите.

Само-евалуацијата на ученикот може да се постигне со прецизна распределба на задолженијата на членовите на колективот.

### 3.3. ЕТИКАТА ВО КАТОЛИЧКОТО ХРИСТИЈАНСКО УЧЕЊЕ

**Приказ на наставните содржини**

Содржините од овој изборен модул ќе му овозможат на ученикот да се запознае со настанокот на католичкото христијанско учење, со текстови за раѓањето на Спасителот Исус Христос,најважните случувања од животот на Господ Исус Христос и Неговото воскресение. Од содржините од модулот учениците ќе се запознаат со основните поими во католичкото христијанско учење, за ширењето на христијанството во Македонија и македонските светители како и со Библијата како запишан Божји збор. Во делот од содржините кој го третира прашањето за етичката заснованот на католичкото христијанско учење учениците ќе се запознаат со правилата за добро однесување, почитување и заедништво. Со овие содржини ќе се поттикнува чувството на одговорност кон планетата Земја и ќе се запознаат со правилата за зачувување на животната средина. Третиот дел од модулот се движи во рамките на католичкиот христијански морал во кој се обработуват и толкуваат содржините од Божјите заповеди како пат во слобода и правила за живот. Овде се опфатени содржини со кои се сознава

значењето на зборовите почит, живот,добрина, дарежливост.

### 3.3.1. Теоретски основи на католичкото христијанство

Првиот дел од изборниот модул ги третира прашањата за настанувањето на римокатоличкото христијанско учење и неговите основи кои во движат во јуридистички дух што најмногу може да се согледа во неговата пракса и цврста организација. Благодарение на историските услови во средниот век успева да постане држава. Папата успеал преку својот авторитет да поставува владетели на останатите западни држави што често пати предизвикувало разни судири и војни меѓу римокатоличката црква и световната власт. И денес центар на римокатолицизмот е Ватикан –држава со своја војска, економија и дипломатија, со познато големо влијание врз целокупната светска економија и политичка ситуација. Папскиот примат и непогрешивоста заземаат централно место во западната црква. Тоа поаѓа од тврдењето дека власта на целата црква, Христос ја предал на Св. апостол Петар а од него таа власт се пренесувала на римските епископи кои од третиот век од нашата ера започнуваат да се нарекуваат папи. Секој папа според преданијата е заменик на синот Божји и во 1870 година е прогласен за непогрешен учител кога говори за верата и моралот. Низ овие содржини учениците ќе се запознаат со најважните случувања во животот на Господ Исус Христос, со основните поими на католичкото христијанско учење и Библијата како света книга на сите христијани.

### 3.3.2. Етичка заснованост на католичкото христијанско учење

Низ содржините за етичката заснованост на католичкото христијанско учење ќе се објасни суштината на правилата за добро однесување и почитувањето на заедништвото и квалитетните меѓучовечки односи. Во рамките на овие содржини учениците ќе се запознаат со правилата за зачувување на животната средина со што ќе се развие чувство на одговорност.

### 3.3.3. Католички христијански морал

Основа и содржина на католичкото христијанско учење е моралот како начин за добро однесување помеѓу луѓето. Всушност основата на католичкиот христијански морал се црпи од Десетте Божји заповеди. Во таа смисла католичкиот христијански морал ги нагласува човековите права. Низ овие содржини ќе се обработат и усвојат поимите љубов, праведност, дарежливост, вистина, лага, измама, неправда, дрога, алкохол, пушење.

**<u>Организација на наставата</u>**

Содржините во изборниот модул се поделени во три дела. За првиот дел Теоретски основи на католичкото христијанство се предвидени 14 часа кои можат да бидат распоредени така што 10 часа ќе бидат наменети за обработка на нова содржина а 4 часа за повторување. 10 часа се предвидени за вториот дел (Етичката заснованост на католичкото христијанско учење) и 18 часа за содржините од третиот дел (Католички христијански морал). Имајќи ја во предвид природата на содржините и согласно нивната специфичност за поголем дел од содржините најсоодветно место за реализација на наставата е училницата со можност за примена на (LCD проектор и платно) и примена на индивидуална, групна и колективна форма. При обрабоката на содржините од овој изборен модул потребно е да користат и други средства, како филм, видео снимки и видео записи. Исто така покрај учебникот како текстуален извор на знаења можат да се користат текстови од Библијата. Посебно ќе нагласиме дека при обработката на одделни содржини (како прославување на празникот Божик) повеќе од потребно е да го користиме искуството на учениците и нивните предзнаења како основа на која ќе се темелат новите знаења предвидени со програмата. Овде може да се изработуваат групни и индивидуални проекти со цел да се активираат учениците, да пишуваат есеи за одделни содржини со што ќе се придонесе во развојот на усното и писмено изразување на ученикот. Покрај тоа можат да се применуваат и други наставни стратегии како дебати на пример на теми од љубовта, хуманоста, почитувањето кон дру-

гите луѓе. Од наставните методи можат да се користат: метод на разговор, текст-метода, метод на демонстрација, метод на илустративни работи а од социолошките облици на наставна работа: групна, тандемска, колективна и индвидуална. .

**<u>Дидактичко-методски препораки</u>**

**Пример 1. *Секој од нас е единствен и потребен на другиот***

Цели: да ги запознаат своите предности и недостатоци, да согледат дека секој човек е упатен на останатите луѓе во заедницата и да сфатат дека треба да биде чувствителен и одговорен за потребите и на останатите луѓе

<u>Наставни средства:</u> библиски текстови- Евангелие според Јован, глава 5 кој се однесува на чудото за исцелување на 38-от болен човек во бањата Витезда;

<u>Наставни методи:</u> метод на разговор, метод на усно излагање, текст-метода

<u>Место на реализација:</u> училница

**Тек на активности:**

<u>Воведни (препаративни)</u> – Секој од нас е личност, Секој од нас е посебна индивидуа од Јас живеам во заедница со други луѓе. Тоа значи човекот е општествено суштество. Овие искази се тема за дискусија со која учениците можат да се воведат во содржините и насочат кон целта на часот така што ќе говорат за свои искуства иќе ги искажуваат своите размислувања

Оперативни (учечко-поучувачки) – објаснуваме за поимите личност и заедница, дека секој човек е упатен да живее со другите и дека тоа е основа за неговата егзистенција. Во овој дел од активностите наставникот го обработува текстот за чудото за исцелување на 38-от болен човек во бањата Витезда. Пораката на текстот наставникот ја истакнува во зборовите „само немам човек што ќе ме спушти во водата на бањата кога ќе се замати..." Сосема јасно учениците заедно со наставникот заклучуваат дека човекот со сета своја индивидуалност е истовремено и социјално сучтетсво и дека неговото вистинско битисување е во заедницата со другите луѓе.

<u>Евалвативни активности:</u>

<u>Следење и оценување на постигањата на учениците:</u> се очекува учениците да ги знаат клучните поими од темата како што се .личност, јас, човекот-општествено битие.

<u>Постигнувањата на учениците</u> можат да се евалвираат и преку активностите во дискусиите, учество и придонесот во колективната работа, изработка на есеи.

<u>Само-евалуацијата на ученикот</u> може да се постигне со прецизна распределба на задолженијата на членовите на колективот.

## 3.4. ЕТИКАТА ВО ЈУДАИЗМОТ

**<u>Приказ на наставните содржини</u>**

Содржините од овој изборен модул ќе му овозможат на ученикот да се запознае со јудаизмот како основна религија на другите религиин нејзиниот почеток и развој како и со националниот идентитет на Евреите. Низ содржините од модулот учениците ќе сфатат кој е Господ и какове односот кон Бога во јудаизмот. Знаењата за холокаустот и страдањата на Евреите е содржано во овој дел. Учениците ќе стекнат знаења за еврејската култура во Македонија и Светите книги на јудизмот. Во вториот дел од модулот се опфатени содржини за етичката заснованост на јудаизмот и се однесуваат на правилата за добри односи, почитување и заедништво, на односите во семејството, кон себе и кон другите. Третиот дел од модулот Прашањето за моралот во јудаистичкото учење се обработува низ содржини чија цел е ученикот да разбере што значи љубов кон човекот, добрина и добри дела, простување и помирување, мир и мирољубивост, сочувствување, правда и праведност, солидарност, мудрост.

### 3.4.1.Теоретски основи на јудаизмот

Јудаизмот односно еврејската религија претставува најстара монотеистичка религија - вера во еден Бог- Создател, Сезнаен и Севидлив. Јудаизмот основан од Аврам во вториот милениум пред нашата ера се темели врз верувањето во Јахва (Јехова) што значи Јас сум Тој што сум, единствен Бог- семоќен и вечен творец на светот. Тој ги знае сите дела на чове-

кот, ги наградува тие што се придржуваат на законот што Тој му ги дал на Мојсеј, ги дал и Десетте божји заповеди но истовремено ги казнува сите оние што не ги почитуваат. Во основата на јудаизмот е послушност спрема Божјиот закон која е содржана во Стариот Завет односно хебрејската Библија. Стариот завет има 50 книги пишувани на хебрејски јазик и делумно на аврамејски јазик. Според јудејското учење Библијата содржи 613 прописи за сите дејности во секојдневниот живот. Библијата - Стариот Завет е поделен на три дела:Закон(Тора), Пророци и Списи. Тора - законските книги од Мојсеј (Мојсеевото петокнижие) или првите пет книги од Библијата за јудејците се најважни од се. Талмудот како света книга на Евреите содржи рабински толкувања на Мојсеевиот закон кој се состои од два дела – Мишна (текст на учењето) и Гемара (објаснување на учењето). .

### 3.4.2. Етичка заснованост на јудаизмот

Етиката во јудаизмот е неминовно поврзана со секој момент од секојдневниот еврејски живот кој е мозаик од обичаи, празници, форми и закони со кои се регулираат сите сфери на нивното живеење. Тука се опфатени сите сегменти од најзначајните животни прашања со филозофски предизвик до најобичните правила на добро однесување меѓу луѓето и заедницата во целина. Сите содржини опфатени во рамките на Етичката заснованост на јудаизмот ќе бидат објаснети преку поимите заедница, помош, солидарност, семејство, одговорности на членовите на семејството.

### 3.4.3. Моралот во јудаистичкото учење

Поимите простување, љубов, лошо однесување, добро дело, солидарност, хуманост, сочувствување, помирување, мир, мирољубивост, правда, праведност, мудрост, храброст, умереност, почит, среќа, верба, љубов ќе се усвојат низ содржините за моралот во јудаизмот. Тие се основните морални вредности во јудаистичкото учење.

**Организација на наставата**

Содржините во изборниот модул се поделени во три дела. За првиот дел Теоретски основи на јудаизмот се предвидени 14 часа кои можат да бидат распоредени така што 10 часа ќе бидат наменети за обработка на нова содржина а 4 часа за повторување. 10 часа се предвидени за вториот дел (Етичката заснованост на јудаизмот) и 18 часа за содржините од третиот дел (Моралот во јудаистичкото учење). Имајќи ја во предвид природата на содржините и согласно нивната специфичност за поголем дел од содржините најсоодветно место за реализација на наставата е училницата со можност за примена на (LCD проектор и платно) и примена на индивидуална, групна и колективна форма. При обрабоката на содржините од овој изборен модул потребно е да користат и други средства, како филм, видео снимки и видео записи. Исто така покрај учебникот како текстуален извор на знаења можат да се користат текстови од Тората. Посебно ќе нагласиме дека при обработката на одделни содржини повеќе од потребно е да го користиме искуството на учениците и нивните предзнаења како основа на која ќе се темелат новите знаења предвидени со програмата. Овде може да се изработуваат групни и индивидуални проекти со цел да се активираат учениците, да пишуваат есеи за одделни содржини со што ќе се придонесе во развојот на усното и писмено изразување на ученикот. Покрај тоа можат да се применуваат и други наставни стратегии како дебати на пример на теми од љубовта, хуманоста, почитувањето кон другите луѓе. Од наставните методи можат да се користат:метод на разговор, текстметода, метод на демонстрација, метод на илустративни работи а од социолошките облици на наставна работа: групна, тандемска, колективна и индвидуална.

**Дидактичко-методски препораки**

**Пример 1. *Почеток и развој на јудаизмот***

Цели: да се поттикнува и осознава за историјата на јудаизмот

Наставни средства: слики на кои се прикажани одделни периоди од развојот на јудизмот.

Наставни методи: метод на разговор, метод на демонстрација, метод на усно излагање, метод на илустративни работи

Место на реализација: училница

**Тек на активности:**

Воведни (препаративни) – низ прашања се дијагностицира претходното знаење на учениците за развојот на јудаизмот

Оперативни (учечко-поучувачки) – Јудаизмот е првата монотеистичка религија која се појавила на просторите на Блискиот исток и е вера на израелскиот народ. Објавата на таа вера е од Бога преку патријарсите и пророците на Евреите како избран народ. Јудаизмот е основан од Аврам во второиот милениум пред нашата ера и се темели врз верувашето во Јехова, единствен Бог и творец на светот. Јудаизмот е поврзан и со двете големи монотеистички религи- христијанството и исламот(за таа поврзаност ќе се работи на еден од часовите кои следуваат)

Евалвативни активности: учениците можат да нацртаат сегмент од развојот на јудаизмот.

Следење и оценување на постигањата на учениците: се очекува учениците да се потикнат да ја осознаат историјата на јудаизмот.

Постигнувањата на учениците можат да се евалвираат и преку активностите во дискусиите, учеството и придонесот во колективната работа.

Само-евалуацијата на ученикот може да се постигне со прецизна распределба на задолженијата на членовите на колективот.

**Пример 2.** ***Цедака-степени***

Цели: учениците да сознаат дека добрината е најголем дар и да сфатат дека треба да се помага и да се прават добри дела, дека Цедаката е еден од фундаментите на јудаистичкото морално учење.

Наставни средства: Толкувања од Тората (која заедно со Талмудот ја сочинуваат еврејската Библија-Танах).

Наставни методи: метод на разговор, метод на демонстрација, метод на усно излагање, метод на илустративни работи.

Место на реализација: училница

**Тек на активности:**

Воведни (препаративни) – низ прашања се поттикнува ученикот да ги изнесе своите ставови и мислења за тоа, што е добро, како ја изразуваме добрината, колку досега направила добри дела и кои да ги опишат чинот и чувствата.

Оперативни (учечко-поучувачки

Потоа наставникот ги чита прописите од Тората кои им наложуваат на луѓето да бидат милосрдни и да им помагаат на сиромашните. Наставникот ги чита и заедно ги анализираат со учениците. „Ако здогледа некој сиромашен човек кој бара милостина и ги одврати своите очи од него за да одбегне да му ја пружи, таквото лице ја крши библиската заповед“; „И сиромашното лице дава цедак според своите можности, но ако има само колку за голиот живот, тој не е обврзан да дава милостина затоа што мора прво да се нахрани себе си па потоа другиот.“; „Милостината треба да се дава радосно, со многу добра волја. Подај му рака и нека не жали твоето срце кога му даваш, зошто Господ Бог Твој ќе те благослови тебе за тоа дело во секоја твоја работа и во се зашто ќе се зафатиш со својата рака“; „Забрането е да се укорува сиромашниот или да се крева гласот кон него зошто неговото срце веќе е здробено и духот му е скршен“. Пораките во извадокот на текстови се сосема јасни и упатуваат на тоа дека суштината не е само да се даде материјална милостина туку да се биде милостив и во душата и во мислата.

Евалвативни активности: учениците можат да нацртаат слика на која е претставен чин на давање милостина.

Следење и оценување на постигањата на учениците: се очекува учениците да се потикнат да ја осознаат историјата на јудаизмот.

Постигнувањата на учениците можат да се евалвираат и преку активностите во дискусиите, учеството и придонесот во колективната работа.

Само-евалуацијата на ученикот може да се постигне со прецизна распределба на задолженијата на членовите на колективот.

## 3.5. ЕТИКАТА ВО ЕВАНГЕЛСКО-МЕТОДИСТИЧКОТО ХРИСТИЈАНСКО УЧЕЊЕ

**Приказ на наставните содржини**

Содржините од овој изборен модул ќе му овозможат на ученикот да се запознае со Светата книга-

Библијата, нејзината содржина и поделба, да познава текстови за раѓањето на Спасителот Исус Христос и да ги познава најважните случувања од животот на Господ Исус Христос, Неговото воскресение. Низ содржините од овој дел учениците ќе се запознаат со основата на учењето и основните поими во евангелско-методистичкото учење. Правилата за добро однесување со другите во заедницата, во семејството, кон себе и кон другите како и основните вредности на заедничкото живеење се содржина на делот од модулот кој се однесува на етичката заснованост на евангелско-методистичкото христијанско учење. Во третиот дел од модулот се опфатени содржини кои се однесуваат на моралот во евангелско-методистичкото христијанско учење. Овде учениците ќе се запознаат со вредностите на христијаните и важните одлики кои требада ги поседува секој христијанин, со законот на љубовта, за важноста на животот, значењето на вистинољубието и верноста.

### 3.5.1. Теоретски основи на евангелско-методистичкото христијанско учење

Во рамките на овој дел од овој изборен модул учениците ќе се запознаат со теоретските основи на евангелско–методистичкото христијанско учење кои се темелат пред се на Светата книга за сите христијани – Библијата, но и раѓањето, најважните случувања од животот на Господ Исус Христос и Неговото воскресение.

### 3.5.2. Етичка заснованост на евангелско-методистичкото христијанско учење

Содржините во делот кој се однесува на Етичка заснованост на евангелско - методистичкото христијанско учење се темелат на поимите кои ги дефинираат правилата за добро однесување меѓу луѓето во заедницата, за меѓусебната грижа, помош, солидарност, разбирање и почитување како и за доброто однесување во семејството.

### 3.5.3. Моралот во евангелско- методистичкото христијанско учење

Во определувањето на моралните вредности, ставови и однесувања во евангелско - методистичкото христијанско учење се поаѓа од Десетте божји заповеди и и Библиските текстови за блаженставата кои ги дефинираат добродетелите на христијаните и важните одлики кои треба да ги поседува секој христијанин.

**<u>Организација на наставата</u>**

Содржините во изборниот модул се поделени во три дела. За првиот дел Теоретски основи на евангелско- методистичкото христијанско учење се предвидени 14 часа кои можат да бидат распоредени така што 10 часа ќе бидат наменети за обработка на нова содржина а 4 часа за повторување. 10 часа се предвидени за вториот дел (Етичката заснованост на евангелско- методистичкото христијанско учење) и 18 часа за содржините од третиот дел (Моралот во евангелско - методистичкото христијанско учење). Имајќи ја во предвид природата на содржините и согласно нивната специфичност за поголем дел од содржините најсоодветно место за реализација на наставата е училницата со можност за примена на (LCD проектор и платно) и примена на индивидуална, групна и колективна форма. При обрабоката на содржините од овој изборен модул потребно е да користат и други средства, како филм, видео снимки и видео записи. Исто така покрај учебникот како текстуален извор на знаења можат да се користат текстови од Тората. Посебно ќе нагласиме дека при обработката на одделни содржини повеќе од потребно е да го користиме искуството на учениците и нивните предзнаења како основа на која ќе се темелат новите знаења предвидени со програмата. Овде може да се изработуваат групни и индивидуални проекти со цел да се активираат учениците, да пишуваат есеи за одделни содржини со што ќе се придонесе во развојот на усното и писмено изразување на ученикот. Покрај тоа можат да се применуваат и други наставни стратегии како дебати на пример на теми од љубовта, хуманоста, почитувањето кон другите луѓе. Од

наставните методи можат да се користат:метод на разговор, текст-метода, метод на демонстрација, метод на илустративни работи а од социолошките облици на наставна работа: групна, тандемска, колективна и индвидуална. .

**Дидактичко-методски препораки**

**Пример1.** ***Правила за добро однесување со другите во заедницата***

Цели: да стекнат знаења дека извор на христијанската етика е Библијата и да ги поттикнува да ги откриваат, разбираат и прифаќаат разликите меѓу луѓето.

Наставни средства: слики, текстови

Наставни методи: метод на разговор, метод на усно излагање, метод на читање и работа со текст.

Место на реализација: училница

**Тек на активности:**

Воведни (препаративни) – разговор за примери од секојдневниот живот за добро и пристојно однесување, почитување на пријателите.

Оперативни (учечко-поучувачки) – луѓето меѓу себе се разликуваат по возраст, пол, национална припадност и религиозна определба. Од друга страна човекот како општествено суштество живее во заедница со другите луѓе. Животот во заедницата бара почитување, соработка и помагање односно јасно дефинириани правила на добро однесување. За напредокот на заедницата потребно е да се откриваат, разбираат и прифаќаат разликите меѓу луѓето

Евалвативни активности: краток писмен состав во кои ќе бидат употребени поимите заедница, сличности и разлики меѓу луѓето.

Следење и оценување на постигањата на учениците: се очекува учениците да ги знаат клучните поими од темата како што се заедница, сличности, разлики. Исто така кај ученикот треба да се развие способност за препознавање на правилата за добро однесување со другите како Не исмејувај некого! Имај доверба во себе! Биди добар другар и пријател! Внимателно слушај додека некој зборува-секој заслужува внимание и почит!. Особено се очекува да ги прифатат како своина и да ги применуваат во нивното однесување.

Постигнувањата на учениците можат да се евалвираат и преку активностите во дискусиите, учество и придонесот во колективната работа, успешност во решавање на вежбите.

Само-евалуацијата на ученикот може да се постигне со прецизна распределба на задолженијата на членовите на колективот.